ЗК ПЕЛАГОНИЈА

а.д. Битола, МАКЕДОНИЈА

*Ул. “Борис Кидрич” број 3, 7000 Битола*

О Б Ј А В У В А

**ПОКАНА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ОБИЧНИ АКЦИИ ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ**

1. Поканата за запишување и уплата на обични акции од продажба на сопствени акции на Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола содржи само основни податоци за издавачот на хартии од вредност кои се предмет на понуда.Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена на правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестицискиот ризик и за правата кои произлеуваат од хартиите од вредност се содржани во Проспектот.Одлуката за инвестирање во хартии од вредност треба да е заснована на целосната содржина на проспектот која е достапна бесплатно на местата на запишување на хартиите од вреднпост и на интернет страницата на Македонската берза АД.

2.1. **Податоци за издавачот**

**-полн назив, фирма и седиште на издавачот;**

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола, Ул.”Борис Кидрич”број 3,7000 Битола

**-датум на регистрација во трговскиот регистер и матичен број на друштвото;**

Датум на регистрација 09.05.1997 год.
Бројот на решението од регистарскиот суд Срег.бр.1155/97
Решението од трговскиот регистар Трег.бр.165/02
ЕМБС на Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола 4167414 .

**-датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време;**

Датумот на основање на Друштвото е 09.05.1997 година.
Друштвото е основано за неопределено време.

**-правна форма на друштвото;**

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола е организиран како Акционерско Друштво

**-основна дејност на издавачот;**

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: нивки култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, градинарство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури.

**-износот на основната главнина и број, род и класа на хартии од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба;**

Податоци за капиталот на понудувачот на сопствени акции со состојба 31.12.2008

| | (во 000.ден.) |
|---|---:|
| Акционерски капитал | 738.184 |
| Реинвестирана добивка | 120.710 |
| Резрви за сопствени акции и други резерви | (273.634) |
| Законски и други резерви | 263.598 |
| Акумулирана добивка | 1.230.189 |
| Малцински удел | 119.834 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2.198.881** |

Согласно законот за данок од добивка член 31 став 2 и став 3 за остварување на право на даночно ослободување: под реинвестирана добивка се подразбира добивката остварена со годишна сметка која 2007 година по пат

на распределба е издвоена во капиталот на даночниот обврзник и која е вложена во 2008 година во нови инвестиции

Структура на акционерски капитал

| Состојба | Обични акции | Номинална вредност(евра) | Приоритетни акции | Номинална вредност(евра) | Вкупно (евра) |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2008 | 236.827 | 51,129188 | 41.793 | 51,129188 | 14.245.614 |
| | | | | | |

Акционерскиот капитал на ЗК Пелагонија АД Битола изнесува 14.245.614 евра поделен на 278.620 акции со номинална вредност од 51,129188евра по акција.

Структурата на акционерскиот капитал по родови на акции е следната: 236.827 се обични акции или 85% од вкупниот акционерски капитал.

Од овие 75.729 се сопствени акции на кои им мирува правото на глас и не даваат право на дивиденда. 41.729 се приоритетни акции без право на глас и претставуваат 15% од вкупниот акционерски капитал. Сопственик на приоритетните акции е фондот за ПИОМ. Приоритетните акции се конвертибилни до колку ПИОМ ги продаде стануваат обични.

**2.2 Причини порди кои се врши понудата односно намената на средствата од понудата;**

Целта поради која се продаваат (отуѓуваат) сопствените акции е одржување на стабилност и ликвидност на друштвото и усогласување со законските одредби. Причините за продажбата на сопствените акции по пат на јавна понуда е и усогласувањето со законските прописи, во насока што подразбира обврска на ЗК Пелагонија АД Битола да изврши нивно оттуѓување, што произлегува од следните законски одредби:

Сопствените акции што ги поседува ЗК Пелагонија АД Битола надминуваат една десетина од основната главнина на Друштвото, а истите се стекнати согласно член 335 став 2 од Законот за трговски друштва, по пат на компензација.

Согласно пак член 335 став 2 од Законот за трговски друштва меѓу другото определено е дека сопствените акции стекнати согласно член 335 став 1 точка 8 од Законот за трговски друштва, односно по пат на компензација, а кои надминуваат една десетина од основната главнина на друштвото, како што е во конкретниот случај кај ЗК Пелагонија АД Битола, Друштвото мора да ги оттуѓи во рок од 3 години од денот на стекнувањето. Крајниот рок во кој ЗК Пелагонија АД Битола мора да оттуѓи дел од сопствените акции кои

надминуваат една десетина од основната главнина на Друштвото, истекува на 05.09 2010 година.

Самиот факт што се изминати скоро две години од денот на стекнувањето на сопствените акции, а до истекот на законскиот рок за нивно оттуѓување останува само уште една година, како и фактот што постапката за оттуѓување на сопствените акции по пат на јавна понуда определена во Законот за хартии од вредност и другите подзаконски акти трае подолг временски период, ЗК Пелагонија АД Битола одлучи да оттуѓи 18.000 сопствени акции по пат на јавна понуда.

Целта поради која се продаваат сопствените акции е одржување на стабилност и ликвидност на друштвото и усогласување со законските одредби. По однос на одржувањето на ликвидноста се мисли користење на тие средства за плаќање на настанатите обврски и очекуваните обврски за репроматеријали во процесот на производство. Во земјоделството како специфична дејност со обрт на тековните средства од 1,03 во периодот до крајот на месец јули секогаш има вложувања во поледелието а ликвидни средства исклучиво има од сточарството кои што се недоволни за финансирање на недовршеното произвоство.Моменталната финансиска криза, која ја чуствуваме веќе од ноември 2008 година,намалувањето на цените на готовите производи од земјоделството за 40% до 50% по поодделни производи, диспаритетот на цените на репроматеријалите со цените на готовите производи, е причина за очекуваниот недостиг на средства и донесувањето на одлука за јавна понуда

**2.3 Податоци за понудата на хартии од вредност;**

**-Број и датум на актот за издавање на хартии од вредност**

Одлуката за продажба (отуѓување) на сопствени акции е со број 02-933/3 од 30.01.2009 година.

**-Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени;**

Јавната понуда за продажба на сопствени акции ќе може да се врши по претходно одобрение од Комисијата за хартии од вредност, што е во согласност со член 9 од Законот за хартии од вредност.

**-Број на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);**

Се издаваат 18.000 сопствени (обични) акции издадени од Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола со номинална вредност од 51,129188 евра по акција, односно вкупна номинална вредност на емисијата од 920.325 евра.

**-Цена по која  хартиите од вредност ќе бидат понудени;**

Цената по која акциите ќе бидат понудени 2470,00 по акција.

**-Вкупна вредност на понудата;**

Вкупната вредност на понудата изнесува 44.460.000 денари

**-Временскиот период во кој понудта ќе биде отворена:датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година);**

Согласно Законот за хартии од вредност запишувањето и уплатата на сопствените акции  на ЗК Пелагоноја АД Битола по пат на јавна понуда ќе започне во рок од 30 календарски дена од приемот на Одобрението за издавање на  акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Понудата за запишување на сопствените акции на ЗК Пелагонија АД Битола ќе биде отворена 50 календарски дена од објавувањето на јавниот повик за запишување и уплата на акциите

Датумот на отпочнување на запишување на акциите ќе започне 14 календарски дена од денот на објавување на поканата за запишување и уплата на акциите на 11.01.2010 год.

Датумот на завршување на запишување на акциите, предмет на јавната понуда, е 50 календарски дена од денот на објавување на јавниот повик за запишување и уплата на 15.02.2010 год.

Датумот на започнување на уплата е 14 календарски дена по објавата на јавниот повик за запишување и уплата на акциите  на 11.01.2010 год.

Уплатата на средствата за запишаните акции се врши во рок од 5 календарски дена од денот на запишувањето на истите.

Датум на завршување на рокот за уплата на акциите е 55 календарски дена по објавата на јавниот повик за запишување и уплата на акциите на 20.02.2010 год.

**-Опис на постапката за запишување и уплата на хартиите од вредност;**

При запишувањето на акциите предмет на јавната понуда ќе се применува временскиот принцип објаснет во одлуката со број 02-933/3 за продажба (отуѓување) на сопствени акции од основачката емисија на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија  АД Битола донесена на собрание на акционери на 30.01.2009 година  кои се составен дел на Проспектот.

Продажбата на обичните сопствени акции ќе се врши во просториите на Земјоделскиот Комбинат Пелагонија АД Битола на Ул.”Борис Кидрич”број 3,7000 Битола во канцеларија бр 3 прв кат.

Лицето кое запишува акции односно неговиот полномошник задолжително пополнува писмена изјава (Уписница).

Плаќањето на акциите ќе се врши во денари на посебна жиро сметка на Стопанска Банка АД Битола бр 500000000581833. Уплатата се врши наеднаш.

Јавната понуда може да биде затворена и пред истекот на предвидениот рок ако акциите се запишани и уплатени во износ повисок од 60% од понудениот износ во проспектот. Во ваков случај Комисијата за хартии од вредност и јавноста ќе бидат известени најмалку 15 работни дена пред денот кој ќе биде одреден како ден на завршување на јавната понуда.

**-Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените.**

Доколку во определениот рок се запишат повеќе акции од понудените, распределбата ќе се врши по пат на временско запишување (датум, час, минута) согласно Одлуката за продавање (отуѓување) на сопствени акции, донесена на Собрание на акционери на друштвото со бр.02-933 на 30.01.2009 година.

**-Во актот на Друштвото не е предвидено продавање на хартиите од вредност во лотови.**

**-Начин на плаќање на хартиите од вредност**

Уплатата на акциите ќе се врши еднократно во денари на жиро сметка бр 500000000581833 во Стопанска Банка АД Битола што за таа намена ја отвори Друштвото, во рок од 5 календарски дена од денот на запишувањето.

**Податок за бројот на посебната сметка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда;**

Бројот на жиро сметката на Стопанска Банка Битола е: 500000000581833
За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебна сметка во Банката, која не може да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.
Средствата кои еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се смеатаат за дел од стечајната маса во случај на стечај на издавачот пред успешното завршување на понудата.

**-Место каде ќе се врши запишување и продажба на хартии од вредност (назив, седиште,адреса,телефонски број на издавачот или на овластениот учесник на пазарот на капитал кој за тоа има договор со издавачот каде ќе се врши запишувањето и продажбата на хартиите од вредност) и**

**времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност;**

Запишувањето на обичните акции ќе се врши во просториите на Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола на Ул.”Борис Кидрич” број 3,7000 Битола во канцеларија бр 3 прв кат тел. 047/233884 Секој работен ден од 7 до 15 часот.

**2.4. Известување дека Проспектот е достапен за јавноста и местото каде потенцијалните инвеститори ќе може да го добијат проспектот.**

Проспектот е јавно достапен документ. За потрбите на потенцијалните инвеститори Проспектот е достапен на веб сајтот на Македонската берза и во просториите на Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола на Ул.”Борис Кидрич”број 3,7000 Битола, во канцеларија бр. 3 прв кат, тел. 047/233884 Секој работен ден од 7 до 15 часот.

Земјоделски Комбинат Пелагонија АД Битола

Генерален извршен директор

Ристе Бошевски